Врз основа на член 220 став 6 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“ бр. 21/84 и 31/84), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

# П Р А В И Л Н И К ЗА ОСНОВАЊЕТО, ОБУКАТА, УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА СООБРАЌАЈНИТЕ ПАТРОЛИ НА ГРАЃАНИ И УЧИЛИШНИТЕ СООБРАЌАЈНИ ЕДИНИЦИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите за основањето, обуката, униформата и ознаките на сообраќајните патроли на граѓани и училишните сообраќајни единици (во натамошниот текст: сообраќајни патроли и единици).

### Член 2

Кога месните заедници, факултетите, училиштата и другите организации и органи кои вршат работи од интерес за безбедноста на сообраќајот основаат сообраќајни патроли односно единици (во натамошниот текст: основачи), истото се пријавува на општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи во рок од 15 дена од денот на основањето.

### Член 3

Членството во сообраќајните патроли и единици е врз принципот на доброволност.

### Член 4

Членовите на сообраќајните патроли и единици се граѓани кои се оспособени за регулирање на сообраќајот и укажување на помош на патиштата.

Членовите на сообраќајните единици се примерни ученици од основно и средно воспитание и образование и кои се постари од 11 години.

## II. ОБУКА

### Член 5

Кандидатот за член на сообраќајна патрола или единица посетува настава во траење од 36 часа, а која ја организира основачот на сообраќајната патрола односно единица.

Оспособувањето го вршат лица кои имаат најмалку средно образование, положен возачки испит и кои се занимаваат со сообраќајно воспитување и образование или со контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата.

Оспособувањето се врши според Програмата за оспособување на членовите на сообраќајните патроли на граѓани и училишните сообраќајни единици која е составен дел на овој правилник.

### Член 6

По завршеното оспособување на кандидатите се врши проверка на нивните знаења пред комисија што ја образува основачот на сообраќајната патрола односно единица.

Комисијата се состои од три члена од кои еден член е претставник на општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

За членови на комисијата можат да бидат одредени лица кои ги исполнуваат условите од член 5 став 2 на овој правилник.

Член 7

Проверката на знаењата на кандидатите се врши писмено по пат на тестирање со тестови што ги обезбедува Републичкиот секретаријат за внатрешни работи, како и со практична проверка.

Член 8

Успехот при проверката на знаењата комисијата го оценува со оценка „задоволува" или „не задоволува".

За извршената проверка на знаењата на сите кандидати комисијата води записник.

Член 9

Кандидатот кој не задоволил при проверката на знаењата може повторно да се јави на проверка во рок кој не може да биде пократок од 30 дена.

Член 10

Кандидатот кој задоволил при проверката на знаењата добива исправа (сообраќајна книшка) како доказ дека е оспособен да ги врши задачите на член на сообраќајна патрола, односно единица предвидени во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата од општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Исправата од став 1 на овој член претставува едноделен образец, големина 60 x 90 мм чија содржина е определена со Образецот број 1 што е составен дел на овој правилник.

Членот на сообраќајната патрола односно единица ја носи со себе исправата за време на извршувањето на задачите.

## III. УНИФОРМА, ОПРЕМА И ОЗНАКИ НА СООБРАЌАЈНИТЕ ПАТРОЛИ И ЕДИНИЦИ

Член 11

При извршувањето на задачите членовите на сообраќајните патроли и единици носат униформа — летна во бела боја и зимска во оловно-сина боја.

Униформата на машките членови на сообраќајните патроли и единици се состои од: наметка со ќулавка, кошула, панталони и капа, а на женските членови — наметка со ќулавка, блуза, здолниште и капа беретка.

Опремата и дополнителни делови на униформата на членовите на сообраќајните патроли и единици се состои од: бели нараквици, бели долактици, опасач — ремен (со летна униформа во сина боја, а со зимска униформа во бела боја), чевли (со летна униформа во бела боја, а со зимска униформа во црна боја), пишталка и палка за регулирање на сообраќајот.

Член 12

Зимската униформа на членовите на сообраќајните патроли и единици, според кројот и бојата, иста е со униформата на работниците на милиција пропишана со Уредбата за униформата и ознаките на звањата на работниците на милиција („Службен весник на СРМ" бр. 15/79).

Член 13

Членот на сообраќајната патрола односно единица носи ознака „сообраќајна патрола" односно „училишна сообраќајна единица". Ознаката (Цртеж број 1) е од ткаенина со димензии 60 x 90 мм, опшиена со златно-жолт раб широчина 2 мм и истата е зашиена на горниот дел од левиот ракав на униформата и на левата страна во пределот на градите.

Основната боја на ознаката е бела, а буквите се и испишани во сина боја. Делот на ознаката што претставува симбол на знамето на СФРЈ ги има истите бои како и знамето.

Член 14

Членовите на сообраќајната патрола односно единица од своите редови избираат командир.

Ознаката „командир" е од ткаенина во бела боја големина 60 х 20 мм опшиена со син раб широчина 2 мм, а буквите се испишани со црвена боја (цртеж број 2).

Член 15

На членовите на сообраќајните патроли и единици можат да им бидат поделени признанија (плакети, пофалници, значки и слично) за постигнати посебни успеси во работата.

Член 16

Членството во сообраќајните патроли и единици престанува со:

— доброволно напуштање на истите и

— исклучување, по писмено барање на основачот или општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Член 17

Членот на сообраќајната патрола односно единица, на кого му престанало членството, ја враќа исправата, униформата и опремата.

Униформата со ознаките и опремата остануваат во сообраќајната патрола односно единица, а исправата се доставува до општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи заради евиденција на истите.

До колку сообраќајната патрола односно единица престанала да ги врши своите задачи, униформата и опремата се враќа на општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-6849
22 мај 1985 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
м-р **Љубомир Варошлија,** с. р.

## П Р О Г Р А М А
### за оспособување на членовите на сообраќајните патроли на граѓани и училишните сообраќајни единици

Членовите на училишните сообраќајни единици во основното воспитание и образование се оспособуваат во следните области:

1. Сообраќајно-превентивно воспитување на учесниците во сообраќајот

— унапредување на сообраќајното воспитување и образование и самозаштитата во патниот сообраќај;

— категории на учесници во сообраќајот на патиштата и опасностите по нив во сообраќајот на патиштата и

— улогата и задачите на училишните сообраќајни единици.

2. Правила на сообраќајот

— правила на движење на пешаците (поединечно, во колона, движење на пешаци ноќе, движење во коловоз);

— правила на движење на возачи на велосипеди и велосипеди со мотор (однесување во сообраќајот, вклучување во сообраќајот, страна на движење по коловозот, превезување на други лица, движење во група, брзина на движење);

— правила на движење на возило на пат (вклучување и исклучување од сообраќај, страна на движење, првенство на минување, промена на правецот на движење, брзина на движење, разминување, престигнување и обиколување, давање на знаци за предупредување, запирање и паркирање, обврски на возачите спрема пешаците).

3. Сообраќајни знаци и регулирање на сообраќајот

— сообраќајните знаци како фактори за безбедноста на сообраќајот на патиштата, видови и нивната улога;

— физичко регулирање на сообраќајот;

— знаци што на учесниците во сообраќајот им ги даваат овластените лица;

— техничко регулирање на сообраќајот и

— регулирање на сообраќајот со уреди што даваат светлосно-сообраќајни знаци (семафори).

4. Укажување на помош на учесниците во сообраќајот

— помагање на учесниците во сообраќајот при влегување и излегување од возилата на јавниот сообраќај;

— укажување на помош на деца, инвалиди, стари и изнемоштени лица како учесници во сообраќајот и

— должности на учесниците во сообраќајот во однос на возилата под придружба и возилата со право на првенство на минување.

5. Постапка со прекршителите на сообраќајните прописи

6. Практични вежби

— практичните вежби се изведуваат според областите што се содржани во оваа програма.

Членовите на сообраќајните патроли на граѓани и училишните сообраќајни единици во средното воспитание и образование, покрај горенаведените содржини, се оспособуваат и во следните области:

1. Сообраќајно-воспитни мерки и акции;

2. Организација и работа на советите за безбедност на сообраќајот на патиштата;

3. Користење на средствата за јавно информирање и филмот во сообраќајно воспитание и образование;

4. Постапка во случај на сообраќајна незгода;

5. Сообраќајна поука;

6. Давање на туристички и други информации на учесниците во сообраќајот на патиштата.

**ОБРАЗЕЦ БРОЈ 1**
**(Големина 60 х 90 мм)**

Предна страна

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

STOP

УЧИЛИШНА СООБРАЌАЈНА КНИШКА

Фотографија (35Х28)

Регистерски бр. ____________

____________________
(име и презиме)

____________________
(датум и место на раѓ.)

____________________
(место на живеење и адр.)

Задна страна

Издадена од ____________
на ден ________ 19____ год.

М.П. ____________
(потпис)

Напомена:
Членот на сообраќајната патрола односно единица има права и должности пропишани во чл. 22о од ЗБСП ("Службен весник на СРМ" бр.21/[illegible])

Цртеж бр.1




Цртеж бр.2




ЛЕГЕНДА НА БОИТЕ

- Бела
- Плава
- Црвена
- Жолта